# MONUMENTA

MONUMENTA ISSN: 1857-999X

Годишник на Истражувачкиот центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ при МАНУ | Број 4, година 2019

Издавач
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Главен уредник
Ѓорги Поп-Атанасов

Editor in chief
Gjorgi Pop-Atanasov

Редакција
Гојко Суботиќ (Белград)
Вера Битракова Грозданова (Скопје)
Аксинија Џурова (Софија)
Бојан Ѓуриќ (Љубљана)
Анте Рендиќ Миочевиќ (Загреб)
Сашо Цветковски (Скопје)
Александра Николоска (Скопје)

Editors
Gojko Subotić (Belgrade)
Vera Bitrakova Grozdanova (Skopje)
Aksinija Džurova (Sofia)
Bojan Djurić (Ljubljana)
Ante Rendić Miočević (Zagreb)
Sašo Cvetkovski (Skopje)
Aleksandra Nikoloska (Skopje)

Технички уредник
Сашо Цветковски

Technical editor
Sašo Cvetkovski

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| Предговор<br>Preface | | 7 |
| Георги Старделов | Вознес на човечкиот дух | 11 |
| Владо Камбовски | Акад. Цветан Грозданов: Живот и дело посветени на универзални вредности | 19 |
| Бехиџудин Шехапи | Неколку зборови за мојот професор | 25 |
| Гојко Суботић<br>Gojko Subotić | Зидно сликарство на фасадама бочних параклиса Богородице Перивлепте у Охриду<br>*The wall painting on the façades of the parekklesia of the Mother of God Perivleptos in Ohrid* | 29 |
| Аксиния Джурова<br>Axinia Džurova | За украсените гръцки ръкописи от Охрид с оглед на тяхното възникване<br>*Les manuscrits grecs enluminés d'Ohrid, examinés dans l'optique de leur localisation* | 43 |
| Ivanka Gergova<br>Иванка Гергова | *Relics and representations. Bulgarian cases in point*<br>Мошти и ликови. Бугарски примери | 73 |
| Вера Битракова Грозданова<br>Vera Bitrakova Grozdanova | Уште еднаш за монетните емисии на Андрија Гропа Жупан Андрија Гропа или жупан „Риг"?<br>*A nouveau sur les émissions de monnaies d'Andria Gropa Joupan Andria Gropa ou Joupan "Rig"?* | 89 |
| Витомир Митевски<br>Vitomir Mitevski | Оплакување на херојот во античката, византиската и македонската епска поезија<br>*Mourning of the hero in ancient, byzantine and macedonian epic poetry* | 101 |
| Ѓорги Поп-Атанасов<br>Gjorgi Pop-Atanasov | Ракописите на Полошкиот манастир „Св. Ѓорги"<br>*Manuscripts of the Polog monastery of "St. George"* | 115 |

| | | |
|---|---|---|
| Vladimir Peter Goss<br>Владимир Петер Гос | *The art od croatian space*<br>Уметноста на хрватскиот простор | 131 |
| Елица Манева<br><br>Elica Maneva | Камена иконка на св. Марина – Маркови кули,<br>Варош – Прилеп<br>*Stone icon of st. Marina – Markovi kuli, Varosh – Prilep* | 143 |
| Коста Аџиевски<br>Kosta Adzievski | Стрез и Латинското Царство<br>*Strez and the Latin Empire* | 159 |
| Бранка Кнежевић<br>Branka Knežević | Богородична црква у Сушици код Скопља<br>*Mother od God church in Sušica near Skopje* | 171 |
| Илија Велев<br>Ilija Velev | Месимерското четвороевангелие од крајот на XIV век<br>*The Mesimer Gospel from the and of the 14 centuruy* | 185 |
| Петрула Костовска<br>Petrula Kostovska | Зографската работилница од Манастир<br>*The painting workshop from Manastir* | 207 |
| Татјана Филиповска<br><br>Tatjana Filipovska | Меѓу Истокот и Западот – „византискиот манир"<br>во италијанското сликарство<br>*Between East and West – "maniera greca" in the Italian Painting* | 235 |
| Ралица Русева<br><br><br>Ralica Ruseva | Образи на пасхалната радост.<br>Двустранана икона с празнични сцени от XIV век<br>от Националния исторически музей в София<br>*Images of a Pashal Joy. Two-sided icon with feast scenes and Christ Pantokrator from the National History Museum in Sofia* | 261 |
| Alexandra Trifonova<br>Александра Трифонова | *Œuvres inédites de l'art chrétien de Melnik*<br>Необјавени дела на христијанската уметност од Мелник | 283 |
| Елизабета Касапова<br>Elizabeta Kasapova | Преродбенските достр ели во сакралната архитектура на Охрид<br>*Revival Achievements in Ohrid sacred architecture* | 311 |
| Сашо Цветковски<br><br>Sašo Cvetkovski | Портретите на св. Дионисиј Олимпски<br>во иконописот од времето на преродбата<br>*The portraits of st. Dionisys of Olimp on the icons from the time of the National Renaissance in Macedonia* | 351 |
| Викторија Грозданова Коцевски<br><br><br>Viktorija Grozdanova Kocevski | Илустрации на Стариот завет<br>во олтарниот простор на црквата<br>Успение на Богородица - Каменско во Охрид<br>*Illustrations of the Old Testament in the altar space of the Church of the Assumption of the Mother of God - Kamensko in Ohrid* | 365 |

Мирјана М. Машниќ — Прилог кон проучувањето на иконописот од првата половина на XIX век
Икона Богородица Умиление и други светители — 381
Mirjana M. Mašnić — *Contribution to the study of the Icons from the first half of the 19 th Century*
*Icon of the Mother of God Eleusa and other saints*

Тони Филипоски — Градот Лихнид и провинцијата Нов Епир во контекст на словенските продори и населување на Балканот (VI-VII век) — 395
Toni Filiposki — *The town of Lyhnidos and the province of New Epiros in the contex of Slavic incursions and settlement of the Balkans* (VI-VII century)

Stojko Stojkov — *The term Sclavinia in Byzantine sources: Re-Examination of the chronological framework* — 413
Стојко Стојков — Поимот Склавинија во византиските извори: Преиспитување на хронолошката рамка

Slavica Babamova, Aleksandra Nikoloska — *New observation on the "Tikveš Group" Funeral stelae* — 435
Славица Бабамова, Александра Николоска — Нови согледувања за т.н. „Тиквешка група“ надгробни споменици

Давча Спасова — Прилог кон толкувањето на иконите на т.н. Култ на Подунавските коњаници — 453
Davca Spasova — *Contribution to the interpretation of the icons of so-called cult of Danubian Riders*

Mihailo St. Popović — *The "Emperor Charles Museum" ("Kaiser Karl-Museum") in Vienna and Macedonia's Cultural Heritage (1917/18)* — 465
Михаило Ст. Поповиќ — Музејот „Кајсер Карл“ (Kaiser Karl-Museum) во Виена и културното наследство на Македонија (1917 – 1918)

УДК: 94(497.771:=16)"5/6"

*Тони Филипоски*

# ГРАДОТ ЛИХНИД И ПРОВИНЦИЈАТА НОВ ЕПИР ВО КОНТЕКСТ НА СЛОВЕНСКИТЕ ПРОДОРИ И НАСЕЛУВАЊЕ НА БАЛКАНОТ (VI-VII век)

**Апстракт**

*Навлегувањата и населувањето на словенскиот етнички елемент на Балканот зазема посебно место во рамки на исклучително богатото историско минато на доцноантичкиот Лихнид и средновековниот Охрид. Но исто така е евидентно дека недостасуваат конкретни пишани изворни податоци кои на задоволителен начин би ги расветлиле тие настани. Токму затоа се обидуваме со примена на интердисциплинарни методи да се осврнеме на одредени прашања поврзани со рановизантиската административна управа и закономерностите на историската географија кои досега не биле предмет на посериозен научен интерес. Исто така во компаративна функција се применуваат сознанијата добиени од историските истражувања на други градови и области во Македонија и пошироко, како и поново публикуваните наоди од археологијата и нумизматиката. На тој начин се надеваме дека даваме скромен придонес кон расветлување на историјата на градот Лихнид во VI-VII век.*

***Клучни зборови:*** *Словени, навлегувања, населување, Лихнид, Нов Епир, Охрид, нумизматички наоди, Македонија, Балкан*

**Abstract**

*The incursions and settlement of Slavic ethnic people in the Balkans holds a special place in the extremely rich historical past of Lychnidos in Late Antiquity and Ohrid in the Middle Ages. However, it is also evident that concrete written sources are missing that would shed satisfactory light on those events. Therefore, it is through the use of interdisciplinary methods that we are trying to address certain issues concerning the Early Byzantine administration and the principles of historical geography that have not yet been the subject of closer scholarly scrutiny. Also, the results of historical research in other cities and regions in Macedonia and beyond as well as certain more recently published archaeological and numismatic findings are used for the purpose of drawing comparisons. We hope that in this way we are making a modest contribution to the endeavour of decoding the history of the city of Lychnidos in the 6th and the 7th centuries.*

***Key words:*** *Slavs, incursions, settlement, Lychnidos, New Epirus, Ohrid, numismatic findings, Macedonia, Balkans*

Проблематиката за аваро-словенските навлегувања и нивното подоцнежно населување на широкиот простор на Балканот во историографијата досега е третирана од различни аспекти. Токму затоа постои импозантна библиографија.[1] Сепак, најзначајно се чини тоа што нивното населување предизвикало суштински и трајни промени во демографската структура на балканското население, при што доминантен станал словенскиот елемент.

Првото, изворно потврдено, словенско навлегување во балканските провинции на Византија на посреден начин се бележи уште кога на власт се наоѓал византискиот цар Јустин I (518-527) за во време на неговиот наследник, царот Јустинијан I (527-565), навлегувањата да станат нормална и мошне честа појава.[2] Во науката првата половина на VI век главно се смета како период во кој словенските продори сè уште имале единствено ограбувачки карактер.[3]

Во македонската историографија незначително внимание се обрнувало на фактот дека градот Лихнид и околината во текот на словенските навлегувања и подоцна, во време на нивното населување, административно припаѓал на провинцијата Нов Епир. За разлика од поголемиот дел од македонските градови и области кои природно гравитирале кон градот Солун, Лихнид со околината гравитирал и се наоѓал поблиску до провинцискиот центар Дирахион (Драч).[4] Слично како Солун и градот Драч успеал да одолее

---

[1] Понова библиографија за аваро-словенската проблематика види: P.M. Barford, *The Early Slavs-Culture and Society in Early Medieval Eastern Europe,* Cornell University Press, Ithaca, New York 2001, 320-325; F. Curta, *Southeastern Europe in the Middle Ages (500-1250)*, Cambridge University Press 2006, 438-486; W. Pohl, *The Avars-A Steppe Empire in Central Europe, 567-822*, Cornell University Press, Ithaca and London 2018, 559-619.

[2] *Procopii Caesariensis Opera Omnia* (recognovit: Jacobus Haury), vol. II, *De Bellis*, Libri V-VIII (edition stereotypa correctior addenda et corrigenda adiecit: Gerhard Wirth), Lipsiae in Aedibus B.G. Teubneri 1963, 476. Според Прокопиј Кесариски (Prokopije iz Cezareje, *Tajna istorija*, prevod: A. Vihar, predgovor i komentar: Dr. R. Radić, Beograd 2004, 100) Илирик, цела Тракија, односно сите краишта од Јадранското Море до предградијата на Константинипол меѓу кои Хелада и областа на Херсонес скоро секоја година биле напаѓани од Хуните, Словените и Антите откако Јустинијан дошол на власт. Cf.: *Историја на македонскиот народ,* I, Скопје, 63-64 (С. Антољак); Г. Острогорски, *Историја на Византија,* Скопје 1991, 96; B. Ferjančić, *Invasions et installation des Slaves dans les Balkans*, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 88; К. Аџиевски, *Пелагонија во средниот век (*Од доселувањето на Словените до паѓање под турска власт), Скопје 1994*,* 11; И. Стефоска, *Словените на почвата на Македонија* (од VII до почеток на X век), Скопје 2002, 21-22.

[3] Г. Острогорски, *Историја на Византија*, 96-97; Љ. Максимовић, *Северни Илирик у VI веку*, Зборник радова византолошког института, XIX, Београд 1980, 36; К. Аџиевски, *Пелагонија*, 12; P.M. Barford, *The Early Slavs*, 47-55; F. Curta, *Southeastern Europe*, 53, 55-56;

[4] За доцноантичката провинција Нов Епир и градот Лихнид види: Т. Филипоски, *Прилог кон прашањето за формирањето на доцноантичката провинција Нов Епир*, ГИНИ год. 53, бр. 1-2, Скопје 2009, 51-57; Idem, *Градот Лихнид и провинцијата Нов Епир*, Историја, год. XLV, бр. 1-2, Скопје 2009, 5-11; Idem, *Провинцијата Нов Епир во доцноантичките*

и да се одбрани од словенските напади. Но, додека за Солун постојат податоци во кои доста детално се опишува на кој начин градот се справувал со Словените, во случајот со Драч такви податоци речиси потполно отсуствуваат.

Воопштеноста на податоците кои известуваат за словенските продори на Балканот од првата половина на VI век и подоцна не дозволуваат поконкретно да се дознае во кои размери провинцијата Нов Епир била погодена од тие ограбувачки продори. Во тој контекст, уште е потешко да се даде одговор на прашањето во колкава мера градот Лихнид и околината биле засегнати од тие продори?

Сметаме дека во науката сосема погрешно е антиципирана потребата да се набројуваат словенските продори од кои веројатно или „сигурно" бил засегнат градот Лихнид, без притоа да се понуди каква било аргументација за тоа.[5] Потребно е да се потенцира дека во расположливиот пишан изворен материјал градот Лихнид воопшто не се споменува во врска со бројните словенски навлегувања. Тоа не претставува ништо невообичаено, бидејќи освен Солун и уште неколку поголеми градови, во изворите отсуствува споменувањето на мнозинството балкански градови, за кои единствено може да се претпостави дека порано или подоцна сепак не биле одминати од словенските навлегувања и подоцна населување. Токму во таа голема група на градови, кои не можеле да бидат одминати од бројните словенски навлегувања, без сомнение влегувал и градот Лихнид.

Единствениот податок кој се однесува на провинцијата Нов Епир, односно во кој директно се споменува градот-провинциско седиште, Дирахион (Драч) во врска со еден од словенските продори, датиран е во 548 г. Според овој податок: „војската на Словените, поминувајќи ја реката Дунав, извршила страшни злодела над сите Илири сè до жителите на Драч". Продорот бил

---

*извори и прашањето за нејзиното седиште (4.-6. век)*, Македонско наследство, XIV/36-37, Скопје 2010, 167-172.

[5] Б. Панов (*Охрид и Охридско во ранофеудалниот период*, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 175-176) „гетскиот" продор во 517 г., од кој, меѓу другото, настрадале двете (провинции) Македонии и кој достигнал до провинцијата Стар Епир, го споменува како прв словенски продор од кој бил засегнат градот Лихнид, „зошто Лихнидската област тогаш административно била вклучена во Епир". Прво, под поимот „гетски" не мора обврзувачки да се подразбира словенски, туку постои можност да се работело за хуно-бугарски продор, и второ, во изворот се потенцира дека тој продор достигнал до провинцијата Стар Епир, а Лихнид влегувал во друга провинција која се викала Нов Епир. Провинција Епир во тоа време не постоела. Тоа, пак, што Словените во 551 г. продреле во Илирик за Б. Панов е доволно да изнесе уште една произволна констатација дека: „Градот Лихнид и неговата околина сигурно биле многу погодени од овие пустоши и пљачкосувања". Повторно според истиот автор (*Охрид и Охридската област во првите векови по словенската колонизација (VI-VIII век)*, Средновековна Македонија, 3, Скопје 1985, 652, 654) охридскиот крај бил засегнат овојпат од нападот на „готските (словенските) коњаници"(?) во 517 г., а во 548 г. градот Лихнид „сигурно и овој пат многу настрадал" од Словените.

проследен со убивање и заробување на сите возрасни лица на кои наидувале; пљачкање на богатството, а исто така и со освојување на многу од тамошните небранети тврдини. Притоа, Словените биле мошне слободни во своето движење, иако постојано биле следени од 15 илјадна војска предводена од „илирските архонти“, која немала храброст да се приближи поблиску до нив.[6] Несомнено се работи за силен словенски продор кој вообичаено за тој период имал ограбувачки карактер. Евентуалната засегнатост на градот Лихнид и околината од словенскиот продор кој се случил во 548 г. според сегашната состојба со изворниот материјал мора да остане потполно неизвесно.[7]

Од средината на VI век словенските продори почнале да добиваат нова димензија. Оттогаш, освен што Словените продирале почесто и помасовно, почнува да се јавува тенденција на нивно подолго задржување, а потоа и постапно населување на византиските територии. Првиот директен и често цитиран изворен податок, кој се чини сведочи за почетокот на таквата промена во однесување на Словените, го дава византискиот автор Прокопиј

[6] *Procopii De Bellis*, II/V-VIII, 423; *Византијски извори за историју народа Југославије*, I, Београд 1955, 38. Cf.: Љ. Максимовић, *Северни Илирик*, 34; B. Ferjačić, *Invasions et installation*, 89. Б. Панов (*Охрид и словенската колонизација*, 654) цитирајќи го податокот сосема произволно толкува еден негов дел. Според неговото толкување: „Словените се движеле доста слободно, бидејќи попатните тврдини никој не ги бранел, поради зачестените земјотреси“(?). Меѓутоа, податокот на Прокопиј е сосема јасен дека Словените освоиле многу од тамошните тврдини, бидејќи никој не ги бранел, а притоа доста слободно се движеле. Причината за тоа не мора да биле земјотресите, туку ангажираноста на византиската војска на други боишта на запад и исток.

Во овој случај се чини дека не постои можност етнонимот Илири да бил употребен во функција на архаизам (за антички Илири). Иако употребата на антицизми/антички етноними од страна на средновековните автори била мошне честа појава, овој пат сигурно не се работи за таков случај. Во конкретниов случај терминот Илири имал административно-територијална конотација/значење и го означувал сето балканско староседелско население кое живеело на просторот на префектурата Илирик. Доволно силен аргумент во прилог на тое е споменувањето на „илирски архонти“, кои несомнено биле воени началници на префектурата Илирик. Инаку за просторот, кој што во раната антика бил населен од илирските племиња (денешното хрватско, црногорско и албанско крајбрежје, но и денешна континентална Албанија), бил употребуван географскиот поим Илирик (Илирија), за подоцна, веројатно во I век, на еден помал дел од просторот да биде формирана римската провинција Илирик (Cf.: F. Papazoglu, *O pojmovima ‘Epir’ i ‘Ilirija’ u poznorepublikansko doba*, GANUBH, Knj. XIII (Centar za balkanološka ispitivanja, knj. 11), Sarajevo 1976, 202-208 i bel. 38). Останува да се претпостави дека од словенскиот продор биле опфатени одредени предели од поранешната римска провинција Илирик, односно делови од актуелните крајбрежни провинции: Превалитана и Нов Епир, во рамките на префектурата Илирик.

[7] Б. Панов (*Ранофеудалниот период*, 176) наведува дека од 40-те години на VI век градот Лихнид бил сè повеќе изложен на словенски напади. Според споменататиот автор:„Градот Лихнид кој лежел на патот за Драч сигурно многу настрадал“ при словенскиот продор од 548 г. и дури тогаш бил заземен (?). Точно е дека единствен словенски продор од првата половина на VI век, кој може да се доведе во некаква врска со Лихнид е токму овој. Но констатациите дека: градот од 40-те години на VI век бил се повеќе изложен на словенските напади; дека во 548 г. „сигурно многу настрадал“ и дека истата година дури бил заземен од Словените, може да се оквалификуваат како произволни и изворно непоткрепени.

Кесариски. Според него во периодот 550-551 г. се случиле неколку особено масовни словенски продори во Илирик и Тракија. За сериозноста и масовноста на овие продори сведочи податокот дека при еден од продорите Словените имале намера да го освојат Солун, а при друг, се приближиле до Долгиот ѕид, оддалечен нешто повеќе од еден ден одење од Константинопол. Токму во едни такви околности на речиси непречено движење и пустошење, Словените при еден продор распрснати во три групи ги ограбувале балканските краишта. Но, за разлика од претходните продори кои завршувале со нивно релативно брзо враќање со пленот во заддунавјето, тие во овој случај останале да презимат на ромејска територија. Притоа, се потенцира дека Словените имале комодитет како да се наоѓаат на сопствена земја, без да стравуваат од непријателот.[8]

Најверојатно пресудно значење во отпочнување на процесот на потрајно словенско населување, конкретно на просторите на Македонија, секако извршиле прво словенските, а потоа и аваро-словенските продори од 80-те години на VI век кои за разлика од претходните се одликувале со поголема масовност и долготрајност. Меѓу другото тогаш бил извршен и првиот словенски напад на Солун. Со самиот почеток на осумдесеттите години на VI век, па речиси до крајот на деценијата, главно според податоците на Јован Ефески и Михајло Сириски; како и оние од „Чудата на Св. Димитрија Солунски" и Монемвасиската хроника, започнал процесот на помасовно и потрајно словенско населување со тежиште во Македонија и Грција.[9]

Како мошне значајно се наметнува прашањето: кога започнало и колку масовно било словенското населување во провинцијата Нов Епир во чии рамки влегувал градот Лихнид и околината?

Според еден изворен податок од византискиот автор и цар Константин Порфирогенит, Аварите и Словените ги принудиле староседелците да се

---

[8] *Procopii De Bellis*, II/V-VIII, 475-483; ВИИНЈ I, 44-49. Cf.: *Историја на македонскиот народ*, I, 65 (С. Антолјак); Љ. Максимовић, *Северни Илирик*, 35-36 и бел. 80 со библиографија за почетокот на словенското населување; B. Ferjačić, *Invasions et installation*, 89-91; К. Аџиевски, *Пелагонија,* 12. Cf.: P.M. Barford, *The Early Slavs*, 55-66.

[9] Cf.: *Историја на македонскиот народ*, I, 65 (С. Антолјак); Љ. Максимовић, *Северни Илирик*, 46-48; Г. Острогорски, *Историја на Византија*, 108; B. Ferjačić, *Invasions et installation*, 95-102; Б. Панов, *Ранофеудалниот период*, 177; К. Аџиевски, *Пелагонија*, 12-13; И. Стефоска, *Словените*, 41- 45; P.M. Barford, *The Early Slavs*, 60-62; W. Pohl, *The Avars*, 94-100, 132-137. Постојат обиди за ревидирање и оспорување на сѐ уште доминантното гледиште во науката во поглед на раниот почеток и значителната масовност на словенското населување во Македонија и на Балканот кон крајот на VI и во текот на VII век. Поопширно види: F. Curta, *The Making of the Slavs-History and Archeology of the Lower Danube Region, c. 500-700*, Cambridge-New York 2001; Т. Живковић, *Јужни Словени под византијском влашћу*, Београд 2002, 177-186. За Аварите и за нивната голема улога при словенската колонизација на Балканот види: W. Pohl, *The Avars*.

повлечат меѓу другите места и во Драч.[10] Иако податокот е воопштен и недатиран, сепак на посреден начин потврдува дека и провинцијата Нов Епир била зафатена од словенската колонизација. Може да се претпостави дека токму провинцискиот центар Драч бил најчесто прибежиште во прв ред на староседелското градско и друго население од Нов Епир. Во тој контекст и жителите на градот Лихнид не би требало да претставувале исклучок па веројатно и на нив градот Драч им нудел сигурна заштита.

Бројните аваро-словенски и словенски продори од 80-те години на VI век без сомнение претставувале дотогашна кулминација што се однесува на нивната масовност и интензитет во однос на претходните. Како најдобар пример може да се издвојат двата неуспешни напади и опсади на Солун (584, 586), седиштето на префектурата Илирик. Значајно е да се потенцира дека токму тие продори биле проследени или завршувале со словенско населување пред сè на пространите области во Македонија и Грција. Според Монемвасиската хроника во 587-588 г. на посреден начин под контрола на аварскиот каган, всушност населени од Словените, биле цела Тесалија, Хелада, Стар Епир, Евбеја, вклучувајќи го особено и Пелопонез.[11] Од едно папско писмо, датирано во јуни 592 г., се дознава дека во тоа време епископот на Лисос/Леш (провинција Превалитана н.б.) не се наоѓал во своето седиште, туку бил принуден привремено да побегне во Италија.[12] Тоа е посреден доказ за опфатеноста и на провинцијата Превалитана од засилените словенски продори, што истовремено не мора да подразбира и помасовно населување како она во Македонија и Грција.

Меѓу наброените провинции и географски области може да се забележи дека недостасува споменувањето на провинцијата Нов Епир, иако таа граничела со Стар Епир, Македонија и Превалитана. Дали ваквата состојба со изворните податоци упатува на можноста дека на територијата на Нов Епир словенското населување во тој период не добило толку масовен карактер како на пример во соседните Стар Епир и Македонија?

Без оглед на степенот на масовноста во науката се чини постои оправдано мислење дека Нов Епир не бил одминат од словенското населување. Токму затоа се смета дека нападите и навлегувањата на Словените во 80-те години на VI век претставувале почеток на словенизирањето на една голема

---

[10] Constantine Porphyrogenitus, *De administrando imperio*, (Gy. Moravcsik), Washington D.C., 1967, 30/9, 95; 32/24-26.

[11] *Cronaca di Monemvasia* (Introduzione, Testo Critico, Traduzione e Note I. Dujcev), Palermo 1976, 12, 18. Cf.: P.M. Barford, *The Early Slavs*, 61; W. Pohl, *The Avars*, 126-137.

[12] *Gregorii I papae registrum epistolarum*, P. Ewald (ed.), MGH, Epistolae, I, Berlin 1899, [16] 69, [8]70, [15]-[24] 120. Cf.: M. Whitby, *The Emperor Maurice: Theophylact Simocatta on Persian and Balkan Warfare*, Oxford 1988, 144; И. Стефоска, *Словените*, 39; W. Pohl, *The Avars*, 148-149.

географска површина, составена од: Ахаја, Хелада, Тесалија, Стар Епир, Нов Епир и Македонија. Всушност се работело за постапно населување кое се одвивало од југ кон север.[13]

Преку споредување на податоците од пишаните извори и сознанијата од археологијата, пред сè од анализа на нумизматичките наоди, во науката се правеле обиди да се определи времето кога била прекината циркулацијата на византиски монети. На тој начин индиректно може да се утврди истиснувањето на византиската власт и евентуалниот почеток на словенското населување во поголем дел од Балканскиот полуостров.[14] Според постарите резултати од истражувањата се сметало дека во 585/86 г. дошло до целосен прекин на стоко-паричната размена и оптекот на византиски монети во Македонија,[15] а последните депоа од Олимпија, Коринт и Атина датирани се дури две-три години порано.[16]

Со поновите нумизматички наоди во науката се појавија оправдани обиди за реинтерпретација на податоците. Се дошло до издржана констатација дека прекинот на циркулацијата на монети на територијата на Македонија, наместо во 585/586 г., потребно е да се помести неколку години подоцна (588/89-589/590 г.). Но, сепак се чини проблематично тврдењето дека тогаш единствено дошло до привремен прекин, а времето кога започнал вистинскиот целосен прекин на циркулација на монетите на просторот на Македонија и пошироко на Балканот потребно е да се пролонгира за неколку децении.[17] Во секој случај, констатираниот прекин на циркулацијата на монети кон крајот на 80-те години на VI век несомнено претставувал директна последица на силните словенски напади проследени со нивно населување. Последните десет години од владеењето на византискиот цар Маврикиј (582-602) биле одбележани со голема и долготрајна воена контраофанзива, насочена против Словените и Аварите од северната страна на реката Дунав. Но, освен привременото запирање на словенските продори и населување, други потрајни придобивки Византија не постигнала.[18]

---

[13] V. Popovic, *Aux origines de la slavisation der Balkans: la constitution des premieres Sklavinies macedoninnes vers la fin du VIe siecle*, Academie des inscriptionset belles letters. Comptes rendus des seances de l'annee 1980, Paris 1980, 256-257.

[14] Cf.: D.M. Metcalf, *The Mint of Thessalonica in the Early Byzantine Period*, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 117, 128.

[15] V. Popovic, *Les temoins archeologiques des invasions dans I'Illyricum byzantin*, Melanges de l'Ecole francaise de Rome, Antiquite, 87/1975, 460-464; Idem, *Aux origines de la slavisation*, 243-244.

[16] V. Popovic, *Aux origines de la slavisation*, 245.

[17] М. Хаџи-Манева, *Нумизматички сведоштва за крајот на VI и VII век*, MacActaA 18 (2002-2004), Skopje 2008, 389-390 и 381 бел. 6 со нумизматичка литература за рановизантиските остави од крајот на VI и VII век.

[18] Г. Острогорски, *Историја на Византија*, 109-111; Љ. Максимовић, *Северни Илирик*, 49; B. Ferjačić, *Invasions et installation*, 104-105; M. Whitby, *The Emperor Maurice*, 156-169.

Од почетокот на VII век словенската инвазија, проследена со масовно населување на Балканот, добила особено силен интензитет. Тоа бил почеток на последната етапа од нивното трајно населување во Македонија и во останатите византиски провинции на Балканот.[19] Токму во тоа време, поточно од 614-616 г., мноштво Словени, освен што го нападнале и опсадиле градот Солун, ги опустошиле Тесалија, соседните острови, Хелада, Ахаја, Епир, голем дел од Илирик, дел од Азија и егејските острови.[20] Бидејќи тука се набројуваат исклучиво т.н. „грчки" провинции, веројатно зад поимот Епир всушност се крие провинцијата Стар Епир,[21] која се наоѓала поблизу и граничела со нив. Значи се чини дека провинцијата Нов Епир повторно не се споменува.

Како своевидно надоврзување може да послужат присутните мислења во науката според кои етничките промени во Нов Епир не биле толку големи како во некои други области на Балканот. Според Ј. Ферлуга последиците од словенското населување не можеле да бидат толку тешки во Епир како што биле во соседна Далмација или во старите римски провинции во внатрешноста на Балканот. Словените во текот на VI век во Епир продреле неколку пати: 548, 571-582, 591 г., помалку отколку во другите области на државата.[22]

Причините за евентуално помалата или нерамномерната опфатеност на провинцијата Нов Епир со словенското населување можеби треба да се побараат во законитостите на историската географија, кои, пак, се поткрепени со резултатите од истражувањата на топонимијата, хидронимијата и оронимијата. Имено во науката со право е распространето сознанието дека Словените главно се населувале во рамнините, долините на реките, околу езерата и во ниско ридестите предели на Балканот.[23]

Таквите закономерности се потврдуваат доколку се погледнат резултатите од истражувањата на топонимијата за територијата на поранешните

[19] К. Аџиевски, *Пелагонија*, 14. Cf.: И. Стефоска, *Словените,* 52-54; P.M. Barford, *The Early Slavs*, 67, Неодмерена и изворно непоткрепена е констатацијата на Б. Панов (*Ранофеудалниот период*, 177) дека до почетокот на VII век македонските области биле наполно словенизирани, што секако дека било возможно да се случи неколку децении подоцна.

[20] P. Lemerle, *Les Plus Anciens Recueils des Miracles de Saint Demetrius et la Penetration des Slaves dans les Balkans*, I, Paris 1979, 175, 3-179; *ВИИНЈ*, I, 188-189. Cf.: К. Аџиевски, *Пелагонија*, 14; И. Стефоска, *Словените*, 52-53; P.M. Barford, *The Early Slavs*, 69.

[21] V. Popović, *Byzantins, Slaves et Autochtones Dans Les Provinces de Prevalitane et Nouvelle Epire*, Villes et Peuplement Dans L' Illirycum Protobyzantin, Rome 1984, 211; Idem, *Албанија у касној антици*, Илири и Албанци, Београд 1988, 228.

[22] Ј. Ферлуга, *Драч и његова област од VII до почетка XIII века*, ГСАНУ (Одељење историских наука), CCCXLIII/5, Београд 1986, 68-69. Кога Ј. Ферлуга го споменува Епир всушност треба да се подразбере провинцијата Нов Епир.

[23] Ј. Ферлуга, *Драч и његова област*, 69. Cf: И. Стефоска, *Словените*, 25-27.

провинции: Превалитана и Нов Епир, безмалку денешна Албанија. Произлегло сознанието дека во областите јужно од реката Шкумба; околу Скадарско Езеро; по долината на реката Црни Дрим и околу Охридското Езеро, доминантно е присуството на словенски топоними. Затоа, пак, северниот дел на Нов Епир, односно просторот северно од реката Шкумба и речиси цела провинција Превалитана, останале помалку засегнати од словенското населување. Присуството на словенски топоними во овие краишта, каде доминирале високи планини, речиси е занемарливо, за сметка на позначителното присуство на латински топоними.[24] Доколку условно се прифати констатација за помалку масовна или барем нерамномерна густина на словенското населување во провинцијата Нов Епир, дали тоа подеднакво би се однесувало и за просторот на денешната Охридско-струшка котлина која била дел од споменатата провинција?

На тоа прашање мошне тешко може да се даде одговор. Секако дека природно-географските услови на Охридско-струшката котлина, со езерото, рамнината и нискоридестите делови, несомнено биле погодни за населување на Словените. Но, од друга страна, потврдената распространетост и доминантност на словенската топонимија обврзувачки не мора да значи безрезервен аргумент во прилог на рано (VI-VII век) и воедно масовно словенско населување. Постои отворена можност словенската топонимија да била проширена подоцна (можеби VIII-IX век), што пак би упатувало на подоцнежна масовност во населувањето.[25]

Вообичаено се смета дека ликвидирањето на византиската власт во балканските градови се случило како директна последица на силниот словенски притисок. Што точно се случувало со градот Лихнид во тој почетен период на претпоставено словенско населување не е познато. Сепак, постојат непобитни докази дека во одреден период во градот настанал прекин во функционирањето на византиската административно-црковна власт и се случил подолг дисконтинуитет во урбаниот развој.

Поради недостигот на пишани изворни податоци, анализата на нумизматичкиот материјал останува мошне релевантен метод кој може да се при-

---

[24] V. Popović, *Byzantins, Slaves et Autochtones*, 208-210; Idem, *Албанија у касној антици*, 222-227; 238-241. За словенската топонимија во Албанија види: А.М. Селищев, *Словянское население в Албании*, София 1931, 327-351; Xh. Ylli, *Das slavische Lehngut im Albanischen,* 2. Teil-Ortsnamen, Müchen 2000. За доминантноста на словенските топоними во Охридско-струшката котлина види: В. Пјанка, *Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен*, Скопје 1970, 287, 310, 317-470.

[25] V. Popović (*Byzantins, Slaves et Autochtones*, 213; *Албанија у касној антици*, 229) со право укажува дека словенските топоними во Албанија не треба исклучиво да се поврзуваат за словенската колонизација од VI-VII век, туку и со подоцнежната експанзија на бугарската и зетската држава.

мени за точно или приближно одредување на времето кога се случило ликвидирањето на византиската власт во Лихнид. Како непосреден индикатор за тоа се зема прекинот на циркулацијата на монетите. Да проследиме кои се последните нумизматички наоди во Лихнид пред претпоставеното словенско населување.

Според резултатите од постарите истражувања последните нумизматички наоди од Лихнид, пред да биде прекинатата циркулацијата на рановизантиски монети, датираат од времето на царот Јустин II (565-578). В. Поповиќ споменува еден примерок на монета кована во Константинопол во 575-576 г.[26] Во охридската музејска нумизматичка збирка постојат значителен број примероци ковани од овој владетел, од кои објавени се единствено два бакарни полуфолиси исковани во Солун. Освен што се дознава дека се работи за нов тип на монети првпат воведени од Јустин II, останува непознато нивното поконкретно датирање.[27]

Во 2001 г. во рамки на археолошките истражувања на локалитетот Самуилова тврдина, во североисточниот дел, било пронајдено рановизантиско депо кое броело 113 бакарни монети. Освен местото и контекстот на наодот е мошне значаен. Имено, монетите биле вкопани во подот на една градба, во која е забележан слој на палење, искршени покривни тегули и паднати камења. Terminus post quem на оставата е 586/87 г., што го одредува еден полуфолис на царот Маврикиј. Депонирањето на оставата и трагите од палење се поврзуваат со одреден словенски напад, кој можел да се случи истата година кога била искована монетата на Маврикиј, како своевиден повратен словенски удар по неуспешната опсада на Солун во 586 г. или со некој подоцнежен напад. Бидејќи најмладите примероци од оставата не покажуваат значителна истрошеност, се претпоставува дека истата била засолнета најдоцна до крајот на 80-те години на VI век.[28] Воедно, како поединечен наод на истиот локалитет пронајден е еден перфориран фолис на Маврикиј од 589/90 г., кој веројатно бил секундарно употребуван. Поради тоа останува неизвесно дали монетата навистина била во оптек во рамките

[26] V. Popovic, *Aux origines de la slavisation*, 243.

[27] Д. Размовска-Бачева, *Нумизматичките наоди од југозападниот дел на Република Македонија од V век п. н. е. до XIV век*, Охрид 2002, 158, 168-169, 189.

[28] М. Хаџи-Манева, *Нумизматички сведоштва*, 387, Eadem, *Coin Hoards from Late 6th and 7th Century Discovered in the Republic of Macedonia*, Byzantine Coins in Central Europe Between the 5th and 10th Century: Proceedings from the Conference Organized by the Polish Academy of Arts and Sciences and the Institute of Archaeology of the University of Rzeszow under the Patronage of Union Academique International (Programme No. 57 Moravia Magna), Krakow, 23–26. IV. 2007, M. Wołoszyn (ed.), Cracow, 2009, 49-51. Во споменатата остава биле пронајдени уште 13 монети од Маврикиј, но со порана датација. За оставата спореди: *Les Tresors monetataires byzantins des Balkans et d' Asie Mineure (491-713)* (par C. Morrisson, V. Popovic et V. Ivanisevic), 13, Realites Byzantines, Paris 2006, 291-292.

на градот Лихнид. Евидентиран е уште еден подоцнежен фолис од времето на царот Никифор Фока, кован во Антиохија во 604/05 г., најден на непозната локација во околината на Охрид. Двата подоцнежни поединечни наоди се причина да се изнесе теза дека стоко-паричната размена во областа на Лихнид, сепак продолжила по претпоставениот словенски напад на градската тврдина.[29]

Со пронаоѓањето на првата рановизантиска остава на монети во Охрид и особено полуфолисот од Маврикиј (586/87 г.) всушност се прејудицира времето кога се случил извесниот прекин на циркулацијата на монети во Лихнид. Ваквите наоди со право го вбројуваат Лихнид во редот на голем број јужнобалкански градови и области кои во време на царот Маврикиј, поконкретно во втората половина на 80-те години на VI век, доживеале прекин на циркулацијата на монети,[30] што, пак, се смета како главен индикатор при одредување на времето на ликвидирање на византиската власт.

Во науката од поодамна е забележана поврзаноста меѓу прекинот на циркулација на монетите на Балканот и словенското распространување ширум балканските провинции кое следувало по големиот словенско-аварски напад и опсада на Солун (есента 586 г.). Без разлика дали во Хераклеа Линкестис и поголемиот дел од Пелагонија, географски блиската област до Лихнид, прекинот на циркулацијата на монети настапил во средината на 80-те години на VI век, односно есента 586 г. била ликвидирана византиската власт[31] или тоа се случило две-три години подоцна,[32] извесно е дека

[29] М. Хаџи-Манева, *Нумизматички сведоштва*, 387, 389. Поради необработеност и непубликуваност на мнозинство постари и понови нумизматичките наоди од втората половина на VI век, кои денеска се дел од богатата нумизматичка збирка на Завод и Музеј-Охрид, ни останаа недостапни податоците за евентуално пронајдени монети (бројност и датација) од царот Маврикиј на локалитетот Плаошник и/или на други охридски локалитети.

[30] Cf.: М. Хаџи-Манева, *Нумизматички сведоштва*, 383-388. За рановизантиски депоа и поединечни монетни наоди пронајдени на просторот на некогашната провинција Македонија Секунда и особено за бројноста на пронајдени монети ковани во првата половина на 80-тите години на VI век во време на царот Маврикиј види: M. Hadji-Maneva, *Early Byzantine Coin Circulation in Macedonia Secunda*, Cercetari Numismatice, XV, Bucuresti 2009, 107-132. Значајна студија за пронајдените депоа на монети од VI-VII век на просторот на Балканот види: F. Curta-A. Gandila, *Hoards and Hoarding Patterns in the Early Byzantine Balkans*, DOP 65-66 (2011-2012), Washington, D.C. 2012, 45-111.

[31] К. Аџиевски, *Пелагонија*, 19-22 и цитираната литература за нумизматичкиот материјал.

[32] М. Хаџи-Манева, *Нумизматички сведоштва*, 387, соопштува за една остава откриена во околината на Прилеп, чиј terminus post quem го одредува еден полуфолис на Маврикиј (588/89 г.). Нејзиното депонирање го поврзува со аварско-словенскиот напад од 587/88 г. на јужните грчки провинции, односно претпоставува дека нападот го засегнал и просторот на денешна Р. Македонија. Во тој контекст, треба да се спомене поединечниот наод-фолисот на Маврикиј (589/90 г.) од с. Живојно, кој В. Поповиќ (*Aux origines de la slavisation,* 243) смета не треба да влијае на констацијата дека прекинот на циркулацијата на монетите во Пелагонија настапил неколку години порано. Се поставува прашањето дали споменатиот истражувач би мислел исто доколку би го имал предвид полуфолисот на

целосниот застој на циркулацијата на монетите подоцна не бил надминат. Впрочем не постојат податоци за континуитет или за евентуално обновување на византиската власт во Пелагонија.[33]

Сметаме дека треба да се претпостави аналогна состојба со ликвидирањето на византиската власт во Лихнид. Токму депонирањето на оставата во лихнидската тврдина, вклучително со полуфолисот на царот Маврикиј (586/87 г.), треба да се доведе во врска со почетокот на претпоставениот застој на циркулацијата на византиски монети, која не била обновена и покрај појавата на двата подоцнежни поединечни наоди: продупчениот фолис на царот Маврикиј (589/90 г.) и фолисот на царот Никифор Фока (604/05 г.).[34] Се чини дека депонирањето на оставата и констатираните разурнувања и палежи на едно такво утврдено место како што било лихнидската тврдина можеле да бидат директна последица од еден од словенско-аварските напади од 587/588 г. кои, според Моневмасиската хроника, ги зафатиле единствено грчките провинции,[35] но кои притоа можеби не ги одминале ниту териториите на денешна Р. Македонија.[36]

Се наметнува прашањето за околностите под кои се случил претпоставениот одлучувачки словенски продор. Дали можеби земјотресот, епидемиите и зачестените варварски продори, од кои директно или индиректно претходно настрадал градот Лихнид, во одредена мера придонеле за помала или поголема депопулација на градот, што, пак, директно резултирало со заслабнување на неговите одбранбените капацитети? Доколку се даде потврден одговор на зададеното прашање, тоа би значело дека веќе постоеле

---

Маврикиј (588/89 г.) од оставата најдена во околината на Прилеп. Затоа останува реалната можност дека во Хераклеа и поголемиот дел на Пелагонија византиската власт навистина да била ликвидирана кон средината на 80-те години на VI век, а тој процес наполно да завршил по две-три години во цела Пелагонија. На таква помисла упатува токму оставата од околината на Прилеп.

[33] V. Popovic, *Aux origines de la slavisation*, 243; К. Аџиевски, *Пелагонија*, 22.

[34] Двата подоцнежни поединечни наоди (фолисот на Маврикиј и фолисот на Никифор Фока) се смета дека имаат помала нумизматичка вредност во споредба со монетите од охридската остава. Монетата од Маврикиј е перфорирана, што упатува на голема веројатност дека била секундарно употребувана и што остава голем сомнеж и резерва дали воопшто некогаш била во оптек на просторот на Лихнид. Недостатокот на монетата на Никофор Фока е отсуството на податок каде точно во околината на Охрид е пронајдена и во каков контекст (Cf.: М. Хаџи-Манева, *Нумизматички сведоштва*, 387).

[35] *Cronaca di Monemvasia*, 12, 18.

[36] М. Хаџи-Манева, *Нумизматички сведоштва*, 388. Во контекст на пронајдената охридска остава погоре, веќе ја истакнавме тезата на М. Хаџи-Манева (*Нумизматички сведоштва*, 387) дека поради незначителната истрошеност на најмладите примероци на монети претпоставениот словенски напад на лихнидската тврдина се случил најдоцна до крајот на 80-те години на VI век. Во тој контекст постои можност охридската остава со најмладата монета од 586/87 г. и оставата од околината на Прилеп со најмладата монета од 588/89 г. да биле депонирани приближно во исто време, поради претпостевен словенски напад кој најверојатно можел да се случи во 588 г.

доволно околности кои придонеле за полесно прекинување на византиската власт и потоа, можно словенско населување во градот. Од друга страна, неговата местоположба на патот Виа Егнатиа природно овозможувал негова поголема изложеност и достапност за варварските продори, но во исто време споменатиот пат за жителите на Лихнид, во значителна мера можел да им го олеснува нивното изгледно постепено напуштање на градот.[37]

Од поодамна во историографијата предмет на сериозна расправа претставува дилемата дали Лихнид бил рано населен од неименувани Словени или, пак, од некое конкретно, но сè уште неидентифкувано словенско племе (Склавинија).[38] Д. Коцо, пак, своевремено со право забележал дека во

[37] За разлика од потесниот урбан простор на Лихнид, каде речиси и да не постоеле изгледи за задржување на дел од староседелското, веројатно романизирано, население по претпоставеното словенско населување (VII в.), тоа подеднакво не би требало да се однесува за поблиската околина на градот. Имено постои цврста археолошка аргументација за егзистирање на најмалку една Комани-Кроја населба (VII-VIII в.) во непосредна близина на Лихнид, која секако била несловенска. Покрај комплексноста на прашањето за етничко-културната атрибуција на споменатиот тип на населби, во науката сè поверојатна изгледа тезата дека тие имале поширока ромејска провиниенција. Поопширно види: Lj. Dzidrova, *The Komani-Krue Culture-Another View. An Attempt for the Definition of a Culture and an Ethnic Group as a Contribution to the Political Administration of the Balkans in the Early Middle Ages*, Papers From the EAA Third Annual Meeting at Ravenna 1997, Volume I: Pre- and Protohistory M. Pearce, M. Tosi (ed.), BAR International Series 717, Ravenna 1998, 300-303; E. Maneva, *La tombe 23 de Saint-Erasme-Ohrid*, Homage to Milutin Garasanin, N. Tasic, C. Grozdanov (ed.), Belgrade 2006, 607-614; T. Filiposki, *The Komani-Krue Settlements and Some Aspects of their Existence in the Ohrid-Struga Valley (VII-VIII century)*, Macedonian Historical Review, vol. 1, Skopje 2010, 67-80; F. Curta, *Were There Any Slavs in Seventh-Century Macedonia?*, Journal of History, XLVII/1, Skopje 2012, 68-73. Впрочем најголемиот дел од балканското староседелско население (наречено месно романско, ромеизирано и/или ромејско) во рамките на Византија, непосредно пред и за време на словенското населеување, споделувало *ромејска провиниенција*, секако сфатена не во тесно етничка смисла, туку поширока, религиско-политичка, односно поданичка припадност. Cf.: С. Зоговиќ, *Етничките заедници во Македонија до крајот на раниот среден век*, Прилеп 2001, 198-199, 233, 281. Присутните одделни мислења во македонската историографија дека во VI и VII век по Христа на поширокиот простор на Македонија сè уште живееле „Македонци/македонски народ“, па дури и Пајонци, сфатени во тесна и поистоветена етничка смисла од времето на раната антика (IV в. п.н.е.), потребно е да се оспорат. Cf.: *Историја на македонскиот народ*, том први (Македонија од праисториското време до потпаѓање под турска власт-1371 година)(Редактор: проф. д-р Б. Панов), Скопје 2000, 233-239 (М.Б. Панов); *Историја на македонскиот народ* (уредник: проф. д-р Т. Чепреганов), Скопје 2008, 88-90 (М.Б. Панов); М. Бошкоски, *Имињата Македонија и Македонци во средновековните извори*, Скопје 2003, 66; Idem, *Скопје и Скопската област од VI до XIV век*, Скопје 2009, 80-81. За да се осознае објективното значење на бројните доцноантички и средновековни балкански етноними неопходно е нивно критичко толкување. Тоа, секако, подеднакво се однесува и на етнонимот „Македонци“, оној кој се јавува во доцноантичките/раносредновековните пишани извори (IV-VII век). Се чини извесно дека посочениот етноним во посоченото време првенствено имал географска конотација и бил употребуван како своевиден архаизам, но, секако, без конкретна проектирана/поистоветена раноантичка етничка содржина.

[38] Во рамките на македонската и балканската историографија од поодамна е распостранета хипотезата според која словенското племе В(Б)ерзити се населило во денешна Централна и (Југо-)Западна Р. Македонија. Поконкретно на просторот меѓу градовите: Охрид, Велес, Битола и Кичево, со одредени подваријанти на проширувања или стеснувања

историската наука не било поставувано прашањето за масовноста со која Словените се населиле на поширокиот простор во и околу градот Лихнид.[39] Се чини дека ниту денес во науката не постојат услови кои би дозволиле задоволителни одговори на поставените прашања. Од една страна, причините за тоа треба да се бараат во отсуството на директни пишани податоци, а од друга страна објективните тешкотии за идентификување на археолошки остатоци од (нај)раната словенска материјална култура.

Кога ја споменуваме материјалната култура, односно науката која се занимава со нејзино проучување-археологијата, мора да се потенцира дека од досегашните истражувања на територијата на Р. Македонија и пошироко раното словенско населување и присуство од VII до IX век како речиси воопшто да не е посведочено преку остатоци на градби и артефакти. Колку и да изгледа неверојатно таквата констатација без исклучок се однесува и за просторот на Охрид.

Живеејќи на овие простори уште од крајот на VI век, Словените морале да остават материјални траги во вид на археолошки остатоци од своите живеалишта, предметите со кои се служеле и од погребиштата. Сепак, овој најран период одвај може да се потврди со остатоци од нивната материјална култура. Постојат повеќе причини за тоа, почнувајќи од малата застапеност на истражувачките работи и недоволната примена на соодветна методологија за негово потврдување, па сè до имплицирањето на ненаучни модели по прашањето на етничката атрибуција. Географско-почвените и климатските карактеристики на Балканот и конкретно во Македонија, не одат во прилог на зачувување на раносредновековната словенска култура во која доминираат кревките органски материјали подложни на гниење, како: дрвото, кожата, ткаенините и другите суровини од растително и животинско потекло. Истовремено треба да се има предвид и прифаќањето на многу елементи од материјалната култура во новоосвоените територии, што се чини било помасовно, одошто се веруваше досега. Натамошните истражувања треба да покажат до која мера, како и од кога се ползуваат затекнатите објекти за таа намена. Типичните начини на домување кај Словените во брвнари од дрво, вкопани колиби-земјанки и накла-подигнати над вода, како и придружните објекти околу домот, одвај да оставиле археолошки траги на ова тло. На

---

на територијата, но речиси во сите Охрид не е одминат. Во недостиг на адекватна изворна поткрепа, аргументацијата за ваквата хипотеза се чини мошне неубедлива и најмногу базирана на индиции. Впрочем проблемот дали градот Охрид и околината биле или не биле дел од територијата која ја населило племето В(Б)ерзити (и од истоимената Склавинија), секако заслужува да биде предмет на поопширна, но одделна научна елаборација.

[39] Д. Коцо, *За доселувањето на Словените во Охрид*, Прилози на МАНУ (Одделение за општествени науки), XXIII/1, Скопје 1992, 63.

нашиот терен недостасуваат некрополите, особено гробовите, со кремација како најрепрезентативна словенска трага од раниот период. Се заклучува дека во Македонија и воопшто на Балканот, раногловенската проблематика одвај да има основи за археолошки истражувања, а нивното присуство се насетува главно преку скудните историски извори, топонимијата и лингвистичката компаративистика и сè уште зачуваните архаични народни обичаи.[40] Според друго подрастично изнесено мислење во археологијата на подрачјето на денешна Р. Македонија не постојат ниту писмени докази, ниту археолошки наоди во прилог на словенско присуство и едноставно не се најдени раногловенски наоди од VII, VIII и поголем дел од IX век.[41]

Во науката со право се истакнува дека постоеле одредени објективни причини и тешкотии за археолошко идентификување на раната словенска материјална култура во Македонија. Но, оправдано се наметнува дилемата дали наведените причини и тешкотии имаат задоволителна тежина и претставуваат доволна аргументација за да се надомести очигледната дискрепанца меѓу гледиштето (произлезено од толкувањето на пишаните извори) за извесно рано словенско присуство и недостигот на попрецизно датирани материјални докази кои би требало да сведочат и да го потврдат тоа присуство.[42]

Иако сумарно, без да навлегува во детали, Д. Коцо се обидел да убицира и посочи на одредени локалитети на просторот на денешен Охрид, каде треба да се бараат првите словенски живеалишта и населби. Тргнувајќи

---

[40] Е. Манева, *Аспекти на проблематиката на средновековната материјална култура во Македонија*, Цивилизации на почвата на Македонија: Историја на културата на Македонија, кн. 2, Скопје 1995, 128-130. За причините поради комлетното отсуство на раногловенски некрополи види: Е. Манева, *Средновековни некрополи од Македонија*, Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија, кн. 1, Скопје 1995, 64-65.

[41] И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, кн. 5, Скопје 1996, 27-28. Cf.: F. Curta, *Were There Any Slavs*, 65-66, 74.

[42] Од поодамна е извесно дека на територијата на Р. Македонија и пошироко се идентификувани ретки материјални остатоци од словенска провиниенција, но се чини проблем претставува нивното датирање. Во поново време со право постојат обиди за ревидирање и оспорување на нивното хронолошко фиксирање во VII век со можност за нивно датирање век или два подоцна. Во тој контекст во науката е изнесена констатацијата: „Judging from the archaeological evidence, no Slavs have settled in Macedonia during the seventh century" (F. Curta, *Were There Any Slavs*, 65-66, 74). Ваквата формулација се чини неодмерена и смела, но и недоволно географски прецизирана (денешна Р. Македонија или историско-географска Македонија). Евидентно е дека навистина постојат одредени аргументи во прилог на ревидирање на гледиштето за рано, мошне масовно и воедначено словенско населување на просторот на цела Македонија, инаку сè уште значително застапено во медиевистиката и византологијата. Затоа главниот научноистражувачки проблем во иднина треба да претставува потесното определување на хронологијата и степенот на масовноста на словенското населување на одделните области на историско-географска Македонија, а не потполно негирање на словенското населување и присуство.

пред сè од толкувањето на три микротопоними, а потоа ползувајќи одредени хронолошки непрецизирани археолошки сознанија, тој претпоставува дека првите словенски населби се развиле во близина на двете утврдувања: Самуилови кули и Месокастро (?); на локалитетот Кошишта; околу Челната Порта, сите на просторот на денешниот град Охрид. Притоа, најпрво се споменува локалитетот Имарет (Плаошник н.б.), каде над мозаикот од разрушената поликонхална црква се најдени огништа, за кои се претпоставува дека: „се остатоци од живеалиштата на најстарите словенски градби, односно се остатоци од најстари словенски наоди од овој ран словенски период на територијата на Охрид". Тоа е една од населбите која се развила во близина на Самуиловите кули.[43]

Всушност се работи за незначителни остатоци од примитивни градби, кои имале профан карактер. Биле ѕидани од кршен камен, фрагментирани и цели тули од урнатините на базиликата поврзани со кал. Идентификувани се две огништа и повеќе јами. Во јамите се најдени коски од риба, птици и добиток, како и фрагменти од садова керамика со доцноантички форми, доста примитивно изработена. Опишаните градби и наоди најверојатно припаѓале на најраниот период од словенското средновековие, непосредно по нивното доселување.[44] Сепак, се чини дека идентификацијата на примитивните градби и останатите наоди на Плаошник со некакви првобитни или најрани словенски населбински градби е проблематична и несигурна.[45]

Друга словенска населба наводно се развила кон тврдината во средишнината на поранешниот град Лихнид и го добила името Месокастро (средишна крепост). Словенското потекло на микротопонимот Челна Врата (Порта) претставува доволен аргумент за да се изведе претпоставка дека и во тој дел на Охрид постоела словенска населба.[46] Последната словенска на-

[43] Д. Коцо, *За доселувањето на Словените*, 63; 65-66. Cf.: П. Кузман, *Македонија во светлоста на археолошките откритија*, Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија, кн. 1, Скопје 1995, 34, прифаќа дека на локалитетот Имарет (Плаошник) постојат градбени остатоци од најраното присуство на Словените.

[44] В. Маленко, *Раносредновековна материјална култура во Охрид и Охридско*, Охрид и Охридско низ историјата, I, Скопје 1985, 277.

[45] Според (Е. Манева *Средновековната материјална култура*, 128; *Раносредновековната материјална култура во Македонија*, МАКЕДОНИЈА-милениумски културно-историски факти, т. 3, Скопје 2013, 1266-1268) населбински остатоци на колиби-земјанки кои би можеле да се доведат во врска со најраниот словенски период во Р. Македонија пронајдени се на локалитетот Градиште кај Дебреште-Прилепско; како и на секторот Улица во Скупи, кај Скопје. Локалитетот Имарет (Плаошник) не е споменат. Оттука тврдењето на Б. Панов (*Охрид и словенската колонизација*, 669) дека наводно постојат археолошки показатели за постепено возобновување на градот Охрид врз урнатините на античкиот Лихнид, од страна на Берзитите (Словените н.б.) ни изгледа недоволно изворно засновано и хронолошки непрецизирано.

[46] Д. Коцо, *За доселувањето на Словените*, 63-64.

селба била утврдена и се наоѓала источно од денешна Горна Порта, односно западно од денешното маало Кошишта. Топонимот Кошишта: „покажува дека постоела тврдина од кошови полни со земја, што овозможува да се мисли дека се дело на словенско население“.[47]

Се чини дека понудените претпоставки за местоположбата на првите (најраните) словенски живеалишта на просторот на денешен Охрид се недоволно изворно поткрепени. Притоа, особено индикативно е тоа што изнесените претпоставки во голем дел се темелат на толкување на микротопоними, чие поконкретно хронолошко определување е невозможно. Впрочем, останува отворена можноста споменатите микротопоними, кои се поврзуваат со најраните словенски населби, да не датираат од VI-VII век (најрано словенско присуство), туку од VIII-IX век па и подоцна, од времето кога станува извесно дека словенското присуство во Охрид било помасовно. Затоа, за збогатување на научните сознанија кои се однесуваат на најраното словенско присуство во Охрид, неопходни се дополнителни и поцврсти изворни сведоштва, кои можеби ќе произлезат од евентуални идни археолошки истражувања.

---

[47] Ibid, 64-65.

*Toni Filiposki*

# THE TOWN OF LYCHNIDOS AND THE PROVINCE OF NEW EPIROS IN THE CONTEXT OF SLAVIC INCURSIONS AND SETTLEMENT OF THE BALKANS (VI-VII century)

## Summary

Studying the medieval past of Ohrid is an exceptionally challenging undertaking. With this paper, on the one hand, an attempt is made to reexamine the results that have so far been achieved and, on the other hand, a contribution is made to the expansion of knowledge about the history of Lychnidos in the 6th and the VIIth century. It was in this period that a number of dramatic and dynamic events took place in the Balkans. As a result of the frequent and mass "barbaric" incursions and ensuing settlement, the demographic structure of the Balkan population changed completely. The Slavic ethnic element became dominant in the Balkans, which had far-reaching consequences for the medieval history and the history of Byzantium. Largely due to the written sources being scant and general in natural, it is difficult to reconstruct how the Slavic advancement and settlement in the 6th and 7th century in the present-day basin of Ohrid and Struga unfolded. This is why we try to discern what the situation was at that time in the city of Lychnidos and its surrounding area by moving from the general towards the specific. We thus discover that urban development and the Byzantine administration in the city were discontinued in the second half of the 580s. It should be emphasized that these conclusions rely heavily on numismatic findings and their authentic interpretation. In the paper several questions are raised and interpretations are offered of what it meant at the time that the city belonged administratively to the province of New Epirus and what the influence of the historical and geographical circumstances was on the scale and chronological dynamic of the Slavic settlement. Bearing all this in mind, we can say that the presented findings constitute an endeavour to treat differently the very complex issue of the Slavic settlement through the adoption of an interdisciplinary study approach.